Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на Р.М.бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и Сл.весник на Р.С.М. бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22,170/24 и 37/25), Советот на Општина Берово на 5 - та седница одржана на ден 25.12.2025 година донесе:

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА БЕРОВО за 2026 година

Член 1

| ДАТУМ | АКТИВНОСТ | ОДГОВОРНОСТ | ЗАКОН |
|---|---|---|---|
| **30-ти септември** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-Буџетот за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РС | *Министер за финансии* | *Закон за буџети*<br>*Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **октомври** | - Градоначалникот и раководителите на одделенијата вршат анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните фактори во општината со цел утврдување на потребите (буџетски трошења) во контекст на нивните планирани активности и ги одредуваат приоритетите и проектите при изготвувањето на Предлог-Годишните програми за реализација во наредната година | *Градоначалник*<br>*Раководители на одделенија* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | програми за реализација во наредната година<br>- Се доставува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници за изготвување на финансиските планови | *Општински буџетски корисници* | |
| **20-ти октомври** | Изготвување и достава на Предлог-план на програми за развој до Советот на општината | *Раководители на одделенија* | *Закон за буџети* |
| **Ноември** | - се усогласуваат аналитичките информации со целите, приоритетите и активностите на секој од општинските одделенија и нивно презентирање на буџетски форум со граѓаните на неколку последователни сесии и избор на проект/и кои ќе бидат дел од Предлог-Буџетот на општината.<br>- организирање на форум | *Градоначалник*<br><br>*Совет на општината* | *Закон за буџети*<br><br>*Статут на општина* |
| **15-ти ноември** | Се финализираат,разгледуваат и усвојуваат Планот на програми за развој и Годишните програми за наредната фискална година | *Совет на општината* | *Закон за буџети* |
| **крај на ноември** | - Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот за наредната година подготвен од страна на финансискиот оддел на општината и го споделува со јавноста<br>- Се води јавна расправа од Советот на општината, НВО, Здруженија на граѓани, Месни заедници и | *Одделение за финансиски прашања*<br><br>*Градоначалник* | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | заинтересирани граѓани и доколку има издржана сугестија истата се имплементира пред доставување на Предлог - Буџетот до Советот на општината | *Совет на општина*<br><br>*Јавна расправа* | |
| **декември** | - Градоначалникот го доставува конечниот Предлог - Буџет до Советот<br>- Телата на Советот на општината водат расправа по доставениот Предлог-Буџет | *Градоначалник*<br><br>*Комисија за финансирање и буџет* | |
| **крај на декември** | Седница на Советот на општината за донесување на:<br>- Буџетот за наредната буџетска година<br>- Одлука за извршување на Буџетот<br>- Буџетски календар<br>- Одлука за времено финансирање, согласно Законот за финасирање на ЕЛС, доколку Советот не го усвои Предлог-Буџетот | *Совет на општина* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |

Член 2

Буџетскиот календар на Општина Берово за 2026 година влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово".

Бр.09-4613/1

25 .12.2025 г.

Берово

Совет на Општина Берово

Претседател

Владко Шахпаски